Мариа ДОНЕВСКА
Маја БАЛШИЌЕВСКА

**УДК: 316.454.54 : 316.462**

# МОЌ ВО МАЛА ГРУПА

***Кратка содржина***

*Изборот на проблематиката која е презентирана во трудот е инспириран од содржините на предметната програма по предметот Групна социјална работа кој се слуша во рамките на универзитетското образование на социјалните работници.*

*Овој предмет го проучува влијанието на групните интеракции во мали групи врз решавање на сложени социјални проблеми.*

*Еден од феномените важни за функционирање на мала група е моќта, која може да се разгледува преку нејзина дистрибуција во групата, центри на моќта, улоги и статус на поединец, лидерство итн.*

***Клучни зборови:*** *МАЛА ГРУПА, ЦЕНТРИ НА МОЌТА, ДИСТРИБУЦИЈА НА МОЌ, ЛИДЕРСТВО И МОЌТА.*

## Вовед

Филозофската определба на моќта преку делата на Ф. Ниче и М. Фуко, како и преку феминистичките теории, имаат свои сличности, но и разлики.

Ф. Ниче за моќта зборува како за природен инстикт кај човекот, кој во секоја ситуација реагира според него. Без разлика дали се работи за некаков натпревар, љубов, физички напад врз некого или едноставен дијалог, човекот секогаш го следи инстиктот на моќта, а тоа е да се наметне својата волја врз туѓата.

М. Фуко не се разликува многу од него, и тој за моќта вели дека е насекаде и извира од секаде, и ја дефинира просто како намера да се наметне својата волја врз туѓата. Она што го разликува Фуко, од Ниче е, поврзувањето на моќта со знаењето. Кога вели знаење, мисли на конкретен систем на верувања, кој промовира идеи за добро и лошо, правилно и неправилно, и на тој начин ги контролира луѓето.

Феминистичките теории моќта ја дефинираат најмногу преку доминацијата, и односот меѓу мажот и жената. Една од најзначајните феминистички теории која зборува за моќта, е теоријата во која моќта се гледа како способност да се смениш себе си и другите, како *моќ за,* а не *моќ над.*

Социолошката и политичката определба на моќта зборуваат за неа, како за релација, однос меѓу два или повеќе социјални актери. Едниот дејствува над другиот, со цел да го промени неговото однесување, или да воспостави некаква контрола над него.

Социјалната психологија зборува за појавата на моќта, од каде таа извира. Според психолозите, моќта е природна, и како таква се јавува и кај луѓето, и кај животните. Кај луѓето се јавува уште од најраната возраст, со првите негови групирања. Но, како што човекот расте и се развива, како ги менува групите кон кои припаѓа, се губи и природноста на моќта, која преминува во социјална моќ. Зазема повеќе облици, црпи од различни извори и се употребува на различни начини.

Кога се употребува терминот моќ, честопати се поврзува со неколку други слични поими, и настанува забуна при нивната употреба. Тие поими се: влијание, контрола, авторитет, статус, раководење и други. Овие термини имаат поврзано, но различно значење од поимот моќ и затоа е важно да се дефинираат истите, и да се разграничат.

Авторите дефинирале седум извори и типови на моќ, а тоа се: моќ од врски, моќ на информираност, моќ на наградување, моќ на казнување, референтна моќ, експертска моќ и легитимна моќ (Според Franch и Raven, 1986, Rot N, 1988). Накратко, моќта на врски се дефинира како можност да се повикаат или употребат влијателни луѓе или ресурси. Моќта на информации се однесува на влијаење врз другите преку соопштување на релевантни информации и аргументи. Кога се работи за моќ на награда, се мисли на употреба на наградување за воспоствување и одржување на одредена моќ, а спротивно моќта од казнување подразбира принуда или казна за да се одржи моќта. Моќта на референтот се темели на идентификација на другите со него, односно во настојувањето на другите да се однесуваат како референтот, да се однесуваат како што тој сака. Експертската моќ се црпи од одредено соодветно знаење, кое поединецот го поседува и на кое може да се потпре. Основата на легитимната моќ, честопати се наоѓа и во фиксирани права на одредена личност, која има одредена положба во групата или општеството. Легитимната моќ е поврзана со моќ на наградување и казнување, како и со експертската и референтната моќ.

При определувањето на моќта во мала група, како примарна група во која човекот припаѓа се зема семејството. Ова е групата во која чо-

векот ја добива првата припадност и во која се врши процесот на социјализација.

Освен во семејството, човекот во својот живот припаѓа на многу различни групи, некои мали и неформални, некои големи, формални групи со одредена цел, работни групи и слично. Во сите нив, важно е да се определи влијанието на моќта, односно најпрво да се идентификуваат центрите на моќ во мала група, а потоа како таа моќ се дисперзира меѓу членовите на групата.

## Моќ во мала група

### 1. Мала група, определба

Определувањето на човекот како социјално битие, всушност, означува негово дефинирање како битие кое има природна потреба од опкруженост со други луѓе, контакти со истите и припадност со нив во нешто заедничко, а тоа се разновидни групи. Семејството е примарна група во која човекот припаѓа, во текот на целиот негов живот, но истовремено тој постојано припаѓа во разни групи од семејството до нацијата. На тој начин, човекот ги задоволува своите социјални потреби, остварувајќи односи со луѓето околу него. Важноста на групата и припадноста во истата, може да се определи преку неколку силни причини (според Benson, 1987, Ajduković, M., 1997:7). Прво, групното искуство е основно човечко искуство. Ова е така затоа што од самото раѓање сме членови во некоја група. Најпрво во семејството, кое ни дава чувство на идентификација и припадност, и е наш прв социјализатор. Групите на кои им припаѓаме влијаат врз нашите ставови, вредности, учење, навики и целосното ментално здравје.

Второ, групата овозможува предвидливост и стабилност. Со тоа му овозможува на поединецот да се развива преку односи со другите луѓе, и на тој начин да се заокружи процесот на социјализација, особено развојот и формирањето на личноста.

Трето, групата е природна и органска творба. Луѓето се групираат за да ги задоволат индивидуалните и заедничките потреби, затоа и дејствувањето во групата е целисходна активност.

Следно, групното искуство е повеќедимензионално. Секоја група на своите членови им нуди физички, емоционални и интелектуални искуства, им овозможува бројни ситуации за учење и проширување на нивните хоризонти. Функционирањето во група ја подобрува и развива комуникацијата меѓу нејзините членови.

Последно, групата дава чувство на реалност. Во неа ја потврдуваме сликата која ја имаме за себе, групата ни помага да станеме автентични, да ги развиеме сопствените потенцијали и да ги зајакнеме постоечките сили во нас.

Групата, всушност е збир на двајца или повеќе луѓе кои се поврзани меѓусебно преку односи кои имаат посебни обележја. Ова значи дека меѓу членовите на групата постои взаемна интеракција, тие содејствуваат и се меѓусебно поврзани преку улоги, положби во групата; во неа однесувањето е определено според групни норми и стандарди, а нејзините членови себе си се гледаат како нејзини припадници, групата ја доживуваат како целина и сакаат и околината да ги доживува како група.

Групата функционира преку посебна структура и групни процеси, и има своја специфична динамика. Групната динамика ја чинат самите процеси и структура, односно специфичните улоги на нејзините членови, нивните односи, акции и цели кои сакаат да ги остварат. Значаен елемент за севкупното функционирање на групата претствува моќта која во неа се воспоставува - нејзиното остварување од страна на членовите, распределувањето на моќта, како и ефектите од истото.

## 2. Центри на моќ во мала група

Поврзувањето на поимот на моќта со поимот на мала група, доаѓа од фактот што, една група не може да функционира нормално и правилно, доколку во неа нема моќ и таа моќ не е распределена на одреден начин.

Користењето на моќ во групата е еден од најважните регулатори на групната интеракција, низ која треба самата група да дејствува и да ги остварува своите цели. Кој и зошто поседува моќ, е прашање на кое не може да се даде едноставен одговор, туку треба да се разгледаат неколку аспекти и со нивното поврзување би го нашле бараниот одговор.

Тука најпрво треба да се обрне внимание на појавата на моќ во групата, односно центрите на моќ во мала група. Тие може да се поделат на неколку вида центри, а таа поделба зависи од тоа за каква дистрибуција на моќта зборуваме. Доколку се работи за *моноцентрично* распределување на моќта, имаме само еден центар, а тоа е најчесто формалниот или номиналниот автократски лидер во самата група. За овој вид на дистрибуција на моќ ќе стане збор подоцна. *Полицентрично* распределување на моќта е кога постојат повеќе различни центри на моќ, и тоа знае да биде еластично, но и често и многу нејасно. Во овој случај зборуваме за четири вида центри: индивидуални или колективни, формални или неформални, номинални или реални, внатрешни или надворешни.

*а) Индивидуални или колективни центри на моќ*

Во индивидуални центри се вбројуваат разни видови на раководење, водење на голема или мала група. Тука зборуваме за конкретниот стил на работа со групата, или пак работа на групата.

Колективните центри, се одредени социјални групи кои располагаат со одредена легитимна моќ. Такви се, на пример, органи на власта, на разни комисии, одбори и слично. За нив е карактеристична хиерархиска подреденост, бидејќи се составени од повеќе индивидуални центри на моќ, и нивниот хиерархиски подреден збир го чини колективниот центар на моќ.

*б) Формални или неформални центри на моќ*

Формалното овде се поврзува со легалното и легитимното. Кога се работи за поголема група, нејзиното раководење е формализирано, и во таква група има формален центар на моќ, формално поставен раководител. Неговата позиција е определена со норми и правила на функционирање на групата.

Неформалните центри на моќ се поврзуваат за неформални групи, мали групи во кои е неопходно да се минимализира формалноста. Честопати неформалниот центар на моќ, може да премине во формален, доколку во групата настане хаотична состојба, односно се изгуби функционалноста на неформалниот центар.

*в) Номинални или реални центри на моќ*

Како номинални центри се наведуваат формалните, односно легалните, или со закон утврдени центри на моќ. Нивните карактеристики и функција се исти како кај претходно споменатите формални центри, но именувањето како номинални е потребно заради диференцирање на реалните центри на моќ.

Реален центар на моќ означува центар кој навистина има моќ, што по правило би требало да бидат номиналните центри. Меѓутоа, постојат ситуации во малите групи, каде моќта ја имаат нелегитимни или неформални центри на моќ. Нивното влијание врз она што се случува во групата, е поголемо од влијанието на формалниот центар. Ваквиот центар на моќ може да произлезе од референтна или експертска моќ, а поретко од информациска и моќ од врски.

*г) Внатрешни или надворешни центри на моќ*

Внатрешни центри на моќ се центрите кои постојат внатре во групата и тие најчесто се присутни во формалните групи.

Надворешните центри постојат во околината на групата, но иако се надвор од неа, нивното влијание е значајно за самата група. На пример, инфраструктурните услови кои ја опкружуваат групата, може да се контролирани од сосема друг центар на моќ, кој нема директно учество во групата, а неговото влијание да е круцијално за функционирање на групата.

## 3. Појава и дистрибуција на моќ во група

Моќта е сила која му дава на поединецот можност да влијае врз другиот. Моќта не е статична сопственост на индивидуата или групата, туку таа оперира „меѓу". Како што лидерот не може да води без следбеници, членовите на групата не можат да воспостават моќ, доколку таа не е „меѓу" нешто или некого. Значи моќта во групата се остварува преку некаква врска. Таа врска се однесува на членовите во групата, а се детерминира преку нивниот статус и улога во истата, нивната социјална и културна позадина, и нивната потреба и цел да се биде во групата.

Ниту еден самостоен член не може да ја има целосната моќ над целата група. Но, групата при своето функционирање поминува низ повеќе развојни фази, каде што се развива и менува, како и нејзините членови. Следствено на тоа, нееднаквоста меѓу членовите расте и се отвора можност за еден или двајца членови на групата да доминиираат над другите.

Бидејќи членовите се меѓусебно зависни, тие секогаш имаат можност да воспостават моќ, дури и кога еден од нив е веќе доминантен. Така може да се јави моќ, како одговор на доминацијата, а таквата моќ се нарекува отпор. Овие две, доминација и отпор, се постојано присутни во групата, затоа што лицето кое доминира не би било на таа позиција, доколку другите не соработуваат на тоа поле. Ова значи дека тие или треба да му даваат отпор, или треба да се потчинат на неговата доминација. Се разбира, тоа остава различни последици врз функционирањето и работата на групата, така што отпорот може да значи намалување на ефикасноста на самата група, неправилно спроведени задачи, а пак потчинувањето може да ги покрие потенцијалите кај другите членови за покреативно и поефикасно исполнување на задачите на групата.

Моќта во мала група може да се појави и преку освојување на моќ, односно специфичните ситуации во кои групата може да се најде и

како кон нив ќе се однесуваат членовите. Оваа форма на појава на моќта директно влијае врз дистрибуцијата на моќта во групата. Членовите можат да воспостават моќ преку покажување на својата стручност на некое поле, преку изнесување важни информации, наградување на другите за добро завршена работа, демонстрирање на активно учество во работата на групата или пак донесување на разновидни надворешни ресурси, корисни за групата. Ова се изворите на моќ, врз основа на кои членовите на групата развиваат и воспоставуваат разни типови на моќ. Наместо да му даваат отпор кон оној што проба да доминира, останатите членови на групата работат на освојување моќ за себе. На овој начин многу од членовите ќе добијат одговорност за разни аспекти од групната работа, и ќе станат своевидни експерти на тоа поле, обезбедувајќи си база за влијание врз групата. Исто така, може да се групираат и во суб-групи, сѐ заради формирање на посилна база на моќ.

Не може да се каже дека сите тие членови, понатаму ќе имаат моќ. Истата можат да ја воспостават веднаш по обезбедувањето на базата, но и не мораат. При секоја следна дискусија или заедничка активност, поединците ќе продолжат да се менуваат, со што ќе се менува и дистрибуцијата на моќ во групата.

Базата за моќ не мора да се формира откако групата ќе почне да функционира, таа може претходно да се внесе во групата. Ова зборува за формалната и легитимна моќ која одредени членови ја имаат во општеството, па потоа да ја пренесат во групата, експертската моќ која исто така ја имале надвор од групата, и нејзиното влијание е сѐ уште големо откако поединецот станал член на групата. Од друга страна, дистрибуцијата на моќ во групата, може да зависи од некои индивидуално-психолошки моменти кај членовите (идеи, ставови и вредности), чие потврдување или порекнување од страна на останите членови може да има силно влијание врз нивното понатамошно однесување.

## 4. Моќта и нејзината поврзаност со улогите и статусот во мала група

Улогите во групата имаат големо влијание на членовите. За разлика од нормите кои го дефинираат однесувањето на поширок ранг ситуации, улогите го дефинираат однесувањето поврзано за специфична функција или задача која од членот се очекува да ја оствари. Улогите се важни за групата затоа што овозможуваат поделба на работата и соодветна употреба на моќта.

Во зависност од тоа со каква улога ќе влезе поединецот и со каква улога ќе се стекне понатаму во групата, се детерминира и неговата

позиција за обезбедување база на моќ, односно неговата потенцијална позиција да воспостави моќ над другите членови.

Друг, подеднакво важен фактор кој влијае врз распределбата на моќ во мала група, е статусот на поединецот. Во почетната фаза од припаѓањето во една група, поединецот влегува со определен статус и со тоа и потенцијална моќ, кои со развојот и работата на групата се менуваат. Нивното менување зависи од важноста на поединецот во извршување на задачите и остварување на целите, или пак од помагањето на другите членови во задоволување на нивните социо-емоционални потреби во групата. Кога одреден член има важна улога за останатите членови и за групата во целина, неговиот статус и моќ растат. Од ова во голема мера зависи како ќе се однесуваат членовите кон тој поединец и тоа влијание ќе се прошири и на однесувањето и комуникацијата во целата група.

Кога еден од членовите ужива висок статус, има потенцијално голема моќ, тогаш останатите членови се наклонети да ја насочат нивната комуникација кон овој поединец. Зависно од тоа со каква моќ ќе располага поединецот, другите членови со него ќе комуницираат на различни начини и за различни прашања.

**5. Лидерство и моќ во мала група**

Однесувањето на членовите на групата поврзано со моќта и статусот се исклучиво важни за лидерот на групата. Кога се работи за мала група која функционира со минимална доза на формалност, таа секогаш има лидер, односно водител кој ја „води“ низ развојните фази. Неговата улога е повеќе или помалку универзална, но накратко она што ја карактеризира улогата на лидерот во групата е следново:

а) Тој има посебна положба во структурата на групата која му овозможува да располага со одредени средства, кои му овозможуваат поголема или помала моќ и влијание;
б) Има изразено влијание врз членовите на групата и врз групата како целина, што е важно за одржување на самата група и остварување на нејзините цели;
в) Лидерот ги објаснува активностите и задачите, и им помага на другите членови во нивното спроведување;

Ваквата улога на лидерот, му остава простор да интервенира врз промена на динамиката на групата како целина или да им помогне на одделени членови да се променат. При вежбање лидерство на група над-

вор од групата, лидерот интервенира со влијанието врз околината во која групата и членовите функционираат.

Лидерите кои се нови во таа улога, понекогаш се чувствуваат непријатно. Ваквата стратегија е ретко ефективна, посебно во раните фази на групни средби, кога членовите од лидерот бараат водење за тоа како да продолжат. Проценката на моќта во групата од страна на лидерот, во почетната фаза е исклучително важна, затоа што тоа ќе му помогне да ги разбере потенцијалите и идните односи на членовите во истата. Искусните лидери се комфорни со нивната моќ и ја користат да ги зајакнат другите членови, полека овозможувајќи им да добијат зголемена одговорност за групата дури се развива. Тие се во состојба да ја употребат распределената моќ во ситуација кога тоа е потребно и кога ќе има најголем ефект, а да избегнат примена на било кој вид на моќ, кога таа нема да има ефект.

Со правилна и рационална дистрибуција на моќта низ членовите на групата, лидерот може да создаде мрежа за заедничка помош од заеднички ресурси, внатре во групата. Ова, пред сè, тргнува од фактот што секој член најдобро знае за себе, што му е потребно, што може и кои цели сака да ги оствари. Проблемот се јавува во тоа што, најчесто тие не знаат како да го остварат сето тоа, како да го искористат сите свои потенцијали. Лидерот е оној кој треба да им помогне да дојдат до самите себе, односно да ги зајакне веќе постоечките сили во нив, за тие да можат да ги задоволат своите потреби и да ги остварат своите цели. Важно е да лидерот и членовите на групата бидат свесни за моќта која ја поседуваат.

Постои дадена и реална моќ кои еден лидер во групата може да ги поседува. Како што е веќе кажано, дадената моќ доаѓа од перцепцијата на членовите за неговата способност да води. Лидерот може да ја зголеми оваа моќ, но притоа мора да внимава да ја зголеми својата способност за помош на другите членови. На тој начин од една страна неговата моќ ќе расте во нивните очи, а од друга страна ќе се оптимализира нивното функционирање во групата. Со ова се мисли на усовршување на способностите на лидерот, во насока за што поуспешно влијаење врз другите членови, кое тие ќе го прифатат врз основа на воспоставената моќ. Така, тој ќе влијае врз промена на нивното однесување, а членовите ќе се променат до степен кој ќе им овозможи оптимално и посакувано место во групата.

Реалната моќ, лидерот ја црпи од можностите и ресурсите да придонесе што повеќе успешност во остварување на целите и задачите. Тие можности и ресурси се наоѓаат во веќе наброените извори на моќ. Како тој ќе ги употреби и комбинира и кои од нив ги поседува е посебно прашање. Најважно е лидерот да има легитимна и експертска моќ. За

лидерот е потребно поседување информации, правилно наградување и правилна распределба на активностите на членовите согласно нивните способности и постигнувања.

### 6. Употреба на моќ во мала група

Кој вид на моќ ќе се користи зависи од повеќе чинители. Најпрво зависи од тоа кој извор на моќ го поседува поединецот, а обично се располага со повеќе видови на моќ.

Често, моќта на казнување може да предизвика отпор и спротиставување. Ако оној кој има моќ, процени дека може да предизвика вакво однесување, треба да се откаже од примена на овој вид моќ и да употреби моќ на награда или пак ескпертска моќ. Моќта на наградување има поголема вредност од моќта на казнување. За ова постојат повеќе причини, меѓу кои фактот што освен реакција на отпор, моќта на казна бара постојана контрола. Кога таа се применува, треба да се изградат различни механизми на казнување за да се одржи контролата на членовите на групата. Со неа може само да се промени надворешното моментално однесување, но не се менуваат верувањата, ставовите и намерите на членовите на групата. Таа има најмал обем на дејствување, за разлика од другите типови моќ, и со нејзина употреба се намалува можноста да се дејствува со друг извор на моќ, како што се референтната, експертската или легитимната.

Најважна и најкористена моќ, кога се работи за високо ниво на формалност во една група, е легитимната. Кога се користи правилно, без злоупотребување, легитимната моќ најсигурно обезбедува функционирање на групата и најмалку предизвикува тензии и конфликти во истата. Но, малите групи многу ретко имаат таква формалност во структурата, така што легитимната моќ нема успешна примена без комбинација со некој друг извор на моќ. Тука, најголем обем на дејствување има референтната моќ, која предизвикува промени во однесувањето, дури и за оној негов дел на кој моќниот поединец нема намера да дејствува. Преку механизмот на идентификација, членовите на групата поддржуваат различни облици на однесување кои ги презентира референтното лице.

Експертската и инфомациската моќ се редовно поврзани, така што е тешко да се направи разлика помеѓу нив. Нивното одвојување е можно само кога експертот го користи својот експертски авторитет, без да се труди да изнесува аргументи и дополнителни информации. Овој тип на моќ, многу често се применува заедно со референтната. Ако им се додаде и легитимната, тогаш успехот во дејствувањето врз другите е неизбежен. Ваков сплет на моќи имаат наставниците во училиштата,

како и некои раководители во институциите. Тие имаат извесна моќ поради положбата на која се наоѓаат. Освен тоа поседуваат одредени знаења, а често се и омилени поради пријателскиот однос и блискост со учениците или членови на таква група. Меѓутоа, можно е да дојде до конфликт и во ваквите ситуации, затоа што функционирањето на групата не зависи само од лицето со моќ, туку и од останатите членови. Преголемата блискост има последица кај легитимната моќ, и нејзиното посакувано влијание. Потребна е одредена дистанца за да се оствари тоа влијание.

Една личност никогаш не се потпира врз еден извор на моќ. Тоа се случува и несвесно, без директна намера за употреба на некој тип на моќ. Кој тип ќе се користи не зависи само од личните карактеристики на поединецот, или пак на другите членови на групата, туку и од општествените сфаќања, како и од сфаќањата за природата на човекот. Со кој вид на моќ и да се влијае, под тоа влијание се забележува примарен и секундарен ефект од примената на моќта. Непосредната реакција која настанува веднаш по престанокот на влијанието на моќта, која резултира со промена на однесувањето, се смета како примарен ефект. Доколку по примената на моќта, посакуваното однесување остане како трајно, зборуваме за секундарен ефект од примена на моќта. На овој начин се формираат некои црти на личноста низ процесот на социјализација кај луѓето.

Поседувањето и употребата на моќ, пред сè, влијае на самиот однос на тој член на групата кон неа. Групата е попривлечна за оние со поголема моќ, отколку за оние со помала. Поединците со моќ се задоволни од својот престој во групата и се врзуваат за неа. Во голема мера се ангажираат за успешноста на групата, за нејзината стабилност и одржување на воспоставените односи во неа. Поголемата моќ, му овозможува на поединецот да се занимава со оние активности кои му се драги, а не да ги практикува оние кои не ги сака, со што зголемената моќ му дава слобода во активностите. Моќта на поединците во една група им дава одредена независност во однос на другите членови (според Raven и Rubin, 1976, Rot. N., 1988:168).

Други последици кои може да се јават при употреба на моќ се поврзани со промените во однесувањето кон другите членови, како на пример, промената на однесувањето на другите членови кон центарот на моќ. Со поседување моќ се постигнува престиж, углед и влијание. Личностите без моќ или со мала моќ, ја насочуваат својата комуникација кон оној со моќ, му обрнуваат внимание, ги истакнуваат неговите доблести и ги заобиколуваат неговите слабости и грешки. За разлика од нив, тој се труди да ја одржи или зголеми моќта и да влијае што повеќе врз нив.

Со моќта се остваруваат трајни промени во однесувањето кај оние над кои се применува. Кај нив се создава навика и потреба од обраќање кон лицата со моќ, барање нивна помош, поддршка и насока. Се станува зависен, несамостоен и несигурен. Овие емоции, ако подолго се задржат во личноста на еден човек, може да доведат до чувство на загрозеност кое се јавува кога личноста ќе стане свесна дека е зависна од некого со моќ. Кај неа тогаш се јавува чувство на ограниченост на сопствената слобода, поради што се јавуваат фрустрации, страв од личноста со моќ, апатичност и песимизам.

## 7. Поврзаност на моќта со социјалната и културната позадина на членовите во групата

Луѓето кога влегуваат во одредена група, со себе носат индивидуален товар од нивниот дотогашен живот и искуство. Во тоа се собрани искуства, настани и моменти од нивните животи кои влијаеле врз формирањето на нивната личност. Тука зборуваме за процесот на социјализација на тој човек, што е постигнато, какви вредности, ставови и идеи носи со себе, што ја карактеризира неговата социјална позадина, етничка припадност, култура, традиција, родови прашања, семејна структура и многу други релевантни фактори. Сето ова на свој начин го детерминира односот на секој поединец кон самата група, нејзините членови и она што нас нè интересира, односот кон моќта во таа група.

Личното искуствато поврзано порзано со одредени норми, се рефлектира во очекувањата на поединците за исто такво однесување во групата. Улогата и статусот кои ги имале претходно, тежнеат да се провлекуваат како непроменети и во групата. Па така и односот со моќта, поседување или непоседување моќ, се рефлектира врз групата. На пример, членовите кои се припадници на некоја ризична група, можно е претходно да имале искуство со притисок, потиснување и слично, па да имаат негативен однос кон моќта. Битно е како поединецот се чувствува при употреба на моќ, што таа предизвикува и каков ефект ќе има истата. Најчесто, се случува да се добие отпор, без разлика каков тип на моќ ќе се употреби. Треба да се внимава на тоа да не се повторуваат шемите на диксриминација и потиснување, кои постоеле претходно за тие членови. Ако тие во таа група влегле со желба или убедување дека нешто ќе се смени кај нив и во односот кон нив, а во групата забележат дека се повторува истото што претходно го искусиле, тогаш нема да се постигне никаков успех, не само во однос на промена на нивното однесување, туку воопшто во работата на групата. Таквите членови ќе функционираат како инхибитори на нејзината работа.

Исто така, важно прашање се родовите односи, посебно положбата на жената во однос на другите. Во некои култури, жената е навикната на нејзина потчинета положба, која ја разбира како природна и потребна, па влијанието врз неа тоа да се промени може да резултира повторно со отпор. Најчесто тоа го сфаќа како навреда за нејзината култура, па со тоа се создаваат конфликти кои се сѐ покомплицирани за решавање. Зато прво треба да се работи на минимализирање на потенцијалните навреди и тензии, а потоа да се влијае индиректно врз однесувањето на таа жена. Истото се однесува за припадниците на машкиот пол во чија култура тие се оние кои имаат моќ, а во групата се сретнуваат со жена која е моќна. Во таков случај тие ќе го одбиваат нејзиното влијание, ќе се спротивставуваат и ќе го попречуваат работењето на групата.

Честопати, влегувањето во некоја група, е мотивирано од одреден систем на верувања. Кога поединецот ќе стане дел од групата, ги прифаќа нејзините вредности и верувања. Ова го прави поради фактот што за возрат ќе добие потврда за неговата припадност во таа група, како и одредена награда заради таквото однесување. Таа награда се согледува во чувството на задоволство кога поединецот ќе види дека останатите се негови истомисленици и дека неговиот живот не е изолиран туку е поддржан од некого. Ова не се случува секогаш. Можно е поединецот да не ги прифати во целост групните верувања, но да не го покажува тоа, заради потребата од опстанок во истата. Тука најголемо влијание имаат неговите претходни верувања и ставови, кои ги донел пред да стане член на групата. Доколку групните идеи се во спротивност со негови знаења и верувања, без соодветна употреба на моќ, тој никогаш нема да ги прифати. Најмногу успева употреба на референтна и експертска моќ, која ќе му овозможи палета на факти преку кои тој поединец би го разбрал значењето на групните верувања и ставови. Во спротивно, настанува конфликт внатре во неговата личност и во односите со другите членови, дали и зошто да се прифатат некои ставови кои тој никогаш не ги имал, или пак немал потреба да верува во нешто што сега му се наметнува.

## Заклучок

Моќта претствува дејствување врз другите со цел или намера да се промени нивното однесување. Некогаш тоа дејствување е свесно и намерно, некогаш е спонтано. Некогаш се работи за влијание врз една личност, некогаш врз група, а некогаш и врз цела нација. Во секој случај, моќта и нејзината употреба може да му овозможи на човека остварување на речиси сите негови замисли. Затоа се потенцира значење и влијанието на моќта поврзано со мали групи, кои само со оптимално функционира-

ње ќе ги оствараат поставените цели. Кога ќе се оствари цел на една група, остварени се поединечни цели на нејзините членови, задоволени се нивните индивидуални потреби и е направен позитивен чекор напред за целото општество.

## Литература

Ajdukovič, M., 1997. *Grupni pristup u psihosocijalnom radu.* Zagreb: Društvo za psihološku pomoč.

Anthony, E.J. & Foulkes, S.H., 1973. *Group Psychotherapy.* London: Cox & Wyman.

Burke, P.J., 2007, October 28. "*Interaction in Small Groups*". Available at: http://www.psicopolis.com/GruppoNew/interazioni.htm (assessed: 2007, October 28).

Čačinović-Vogrinčić, G., 1998. *Psihologija družine.* Ljubljana: Znanstveno in publicistično središče.

Douglas, T., (1978). *Basic groupwork.* London: Tavistock publications.

Klain, E., 1996. *Grupna analiza.* Zadreb: Medicinska naklada.

McGraw-Hill, 2007. "*Power and small group communications*". Available at: http://www.mhhe.com/socscience/comm/group/students/power.htm (assessed: 2007, November 1).

Microsoft® Encarta® (2005). *Power (social).*Microsoft® Encarta®2006 [DVD]. Redmond, WA: Microsoft Corporation.

Milosavljević, B. (2001). *Socijalna psihologija ljudskin grupa.* Banja Luka: Comesgrafika.

Rivas, R.F. & Toseland, R.W., 1995. *An introduction to group work practice.* Massachusetts: Allyn and Bacon.

Рот, Н., 1986. Рот, Н., 1988. *Психологија група.* Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.

Maria DONEVSKA
Maja BALSHIKJEVSKA

# POWER IN SMALL GROUP

**Abstract**

The inspiration for the selected paper has been the content of the syllabus of the subject of Group social work, thought on the University level of education of social workers.

This topic examines the impact of interactions in small groups in the process of solving complex social problems.

Power is one of the phenomena important for the functioning of small group. One way of analysing this phenomenon is through its distribution in the group, its centres of power, roles and the status of individual, leadership etc.

**Key words**: SMALL GROUP, CENTRES OF POWER, DISTRIBUTION OF POWER, LEADERSHIP OF POWER